Врз основа на член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Р.М." бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и "Службен весник на Р.С.М." бр.275/19 и 14/20), Секретарот на Општина Чучер-Сандево, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за унапредување**

1.По објавениот интерен оглас број 1/2022 за унапредување на административен службеник за работното место УПР 0101 Б 04 000 Раководител на одделение за јавни дености во Одделение за јавни дејности, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот Маја Кметовска Урдаревска (1 извршител).

2.Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата на Општината.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на Барање на Општина Чучер-Сандево бр.04-333/1 од 09.03.2022 година, отпочната е постапка за унапредување на административен службеник на работното место Раководител на Одделение за јавни дејности, во Одделение за јавни дејности (1 извршител), со објавување на интерен оглас број 01/2022 на интернет странатa на Агенцијата за администрација и на интернет страната на Општината.

Секретарот на Општината врз основа на добиениот допис за номинација на членови на комисија од страна на Агенцијата за администрација бр.10-586/2 од 14.03.2022 година, донесе Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник, број 04-333/6 од 16.03.2022 година.

На ден 01.04.2022 година во просториите на Агенцијата за администрација се спроведе административна селекција за интерниот оглас број 01/2022 објавен на 14.03.2022 година, за што беше составен Записник од административна селекција за интерен оглас, број 04-333/8 од 01.04.2022 година. На ден 05.04.2022 година, во просториите на Општина Чучер-Сандево од страна на Секретарот на Општината се спроведе интервју со кадидатот кој уредно беше поканет на интервју, за што беше составен Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју, број 04-333/9 од 05.04.2022 година, по што беше изготвена Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, и тоа: за

работното место Раководител на Одделение за јавни дејности- кандидатот Маја Кметовска Урдаревска со вкупно освоени 29,35 бодови.

Врз основа на Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат за работното место Раководител на Одделение за јавни дејности во Одделение за јавни дејности, Секретарот на Општина Чучер-Сандево по сите основи, а согласно член 52 од Законот за административните службеници одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на доставувањето односно објавувањето на одлуката на интернет страницата на институцијата.

**Доставено до:**
-Избраниот кандидат
-Објава на интернет станицата на Општината
-Архива

Бр.04-333/10
11.04.2022 година

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**СЕКРЕТАР**

**Румена Соколиќ**

Изработил- М.Мисердовска